# Земјоделски факултет
# Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

### објавува повик за учество на

## III МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО-СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ

# АГРО-НАУКА И ПРАКСА (АНП 2020)

# 23 - 24 април 2020

Во изминатите четрнаесет години образовните, научно-истражувачките и апликативните активности на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип, дадоа голем придонес за развој на земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија и поширокиот регион.

Земјоделскиот факултет го организира III-то Меѓународно научно-стручно советување Агро-наука и пракса (АПС 2020), давајќи им можност на учесниците да презентираат и дискутираат за оригинални научни и практични резултати во различни полиња на земјоделството.

III-то Меѓународно научно-стручно советување Агро-наука и пракса (АПС 2020) е организирано со намера да ги обедини сите релевантни фактори од земјоделскиот сектор за споделување на нивното знаење, искуство и проблеми. Една од главните цели е да се направи мост и да се овозможи силна комуникација помеѓу научно-истражувачката и практичната работа во земјоделскиот сектор, како во нашата земја, регионот, така и поширко, со што ќе се добие меѓународна димензија.

Главна цел на Советувањето е да се поврзат и промовираат научните достигнувања и практичните знаења во актуелните тематски области.

**Со голема чест и задоволство Ве покануваме активно да учествувате на Советувањето.**

## СЕКЦИИ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Агроекономија
Растителна биотехнологија
Растително производство
Заштита на растенијата
Контрола на квалитет и безбедност на храна
Наука за земјиштето и хидрологија
Лозарство, енологија и овоштрство

## НАУЧЕН И УРЕДУВАЧКИ ОДБОР


проф. д-р Љупчо Михајлов, Северна Македонија
проф. д-р Ацо Кузелов, Северна Македонија
проф. д-р Виолета Димовска, Северна Македонија
проф. д-р Лилјана Колева Гудева, Северна Македонија
проф. д-р Рубин Гулабоски, Северна Македонија
проф. д-р Саша Митрев, Северна Македонија
проф. д-р Пранвера Лазо, Албанија
проф. д-р Величка Николова Родева,
Бугарија
проф. д-р Драгомир Влчев, Бугарија
проф. д-р Волфрам Шнекел, Германија
проф. д-р Липинг Фан, Кина
проф. д-р Јанкиу Лианг, Кина
проф. д-р Меиконг Ванг, Кина
проф. д-р Минксиу Јан, Кина
проф. д-р Шу Веи, Кина
проф. д-р Мусај Пацаризи, Косово
проф. д-р Кирил Бахчеваџиев, Португалија
д-р Клемен Лисјак, Словенија
д-р Јовица Васин, Србија
проф. д-р Јордана Нинков, Србија
проф. д-р Радивоје Јевтиќ, Србија
проф. д-р Радмоир Љупковиќ, Србија
проф. д-р Хатиче Ѓулен, Турција
проф. д-р Марина Мардар, Украина
д-р Марјан Бубола, Хрватска
д-р Сања Радека, Хрватска
д-р Данијела Раичевиќ, Црна Гора


## ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР


проф. д-р Љупчо Михајлов (Претседател)
доц. д-р Билјана Ковачевиќ
доц. д-р Даниела Димовска
доц. д-р Наталија Маркова Руждиќ
проф. д-р Ацо Кузелов
проф. д-р Биљана Балабанова
проф. д-р Верица Илиева
проф. д-р Виолета Димовска
проф. д-р Виолета Иванова Петропулос
проф. д-р Драгица Спасова
проф. д-р Душан Спасов
проф. д-р Емилија Арсов
дипл. правник Елизабета Давитковска Барбареева
проф. д-р Лилјана Колева Гудева
проф. д-р Мите Илиевски
проф. д-р Сања Костадиновиќ Величковска
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Фиданка Илиева
проф. д-р Фиданка Трајкова

## РЕГИСТРАЦИЈА

**Ве молиме регистирајте се на agriscience-practice@ugd.edu.mk со испраќање на Формуларот за регистрација и апстракт.**

## ВАЖНИ ДАТУМИ

| НАСТАН | ДАТУМ |
|---|---|
| Прво соопштение и повик за апстракти | јануари, 2020 |
| Краен рок за поднесување на апстракти | 28.02.2020 |
| Известување за прифаќање на апстракт | 10.03.2020 |
| Регистрација на учесници | во тек |
| Одржување на Советувањето | 23-24.04.2020 |
| Краен рок за поднесување на трудови | 01.05.2020 |
| Публикација на трудови | крај на јуни, 2020 |

## КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО

| Категорија на учесник | Домашен учесник | Странски учесник |
|---|---|---|
| Учесници од академија и бизнис сектр | 2.750 MKD | 45 € |
| Студенти на прв циклус студии | 500 MKD | 10 € |
| Студенти на втор и трет циклус студии | 1.200 MKD | 20 € |

Со една котизација можат да пријават најмногу два рецензирани и прифатени трудови за едно лице како прв автор и истите можат да бидат објавени во меѓународното научно списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS - http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFA). Повеќе детали за начинот на плаќање ќе бидат објавени во второто соопштение.

## ИЗДАВАЊЕ НА ТРУДОВИ

Сите поднесени апстракти ќе бидат прегледани од Научниот и уредувачкиот одбор и објавени во Книга на апстракти од Советувањето.

Авторите се поттикнуваат да поднесат ракопис од нивната работа презентирана на Советувањето за објавување во меѓународното списание Journal of Agriculture and Plant Sciences (крај на јуни 2020) (JAPS - http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFA), кое е рецензирано списание, со меѓународен Уредувачки одбор. Англискиот јазик е официјален јазик на JAPS.

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Советувањето ќе се одржи во конференциските простории на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија. Повеќе детали за сместувањето ќе бидат објавени во Второто соопштение.

## ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК НА СОВЕТУВАЊЕТО

Официјални јазици на Советувањето се македонски и англиски јазик. Авторите ќе ги презентираат трудовите со Power Point презентација и постер на англиски јазик.